25111


ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

**pres-kliping • press-clipping**

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting



НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

24. IV. 1979, 11585,10


### ДЕНЕС ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# ИЗЛОЖБА НА РЕНАТО ГУТУЗО

## ЕКСПОНАТИТЕ НА ОВОЈ РЕЧИСИ НАЈГОЛЕМ ЖИВ СЛИКАР НА ИТАЛИЈА, ПО БЕЛГРАД, ДОАЃААТ ВО СКОПЈЕ, А ПОТОА ЌЕ БИДАТ ПРИКАЖАНИ ВО САРАЕВО И ЦЕТИЊЕ

**ДЕНЕС ВО 19** часот во Музејот на современата уметност ќе биде отворена изложбата на италијанскиот сликар **Ренато Гутузо**. Изложбата на Гутузо, еден од најголемите живи сликари на Италија, Музејот ја отвора во соработка со Републичката комисија за културни врски со странство на СРМ, а во нашата земја таа доаѓа со заеднички договор на трите републички центри — Белград, Скопје и Сараево.

Гутузо за сликарството дефинитивно се определил во 1931 година. Осум години подоцна станал еден од основачите на групата „Коренте" во Рим. Од 1940 година е член на Комунистичката партија на Италија, а подоцна и член на Движењето на отпорот против германската окупација во својата земја. Професор е за сликарство на Уметничката академија во Рим и предава на Уметничката школа во Хамбург. Во 1972 година ја доби Лениновата награда за мир, а четири години подоцна избран е за Републички сенатор на Република Италија.

**ТРИЕСЕТТЕ** експонати што ќе имаме можност да ги видиме во нашиот град (масла и цртежи), претставуваат фрагмент од творештвото на сликарот Гутузо од четириесеттите до седумдесеттите години. — Како и секој уметник со нагласена индивидуалност, и Гутузо, персонифицира еден став: во денешнава култур на свест, тој е олицетворување на ангажираното сликарство, кој грижливо ги испитува консеквенциите на стварноста, барајќи ја во неа како суштината и смислата на социјалното, така и суштината и смислата на животот. Една потесна квалификација, да ја наречеме реализам, „ангажиран реализам" или поинаку, знаеме, претставува само ориентација и ништо повеќе и не е во состојба да ја објасни ниту суштината на Гутузо, ниту на кој и да е уметник, остану вајќи недостатна и еднострана — вели **Миодраг Протиќ** во предговорот на каталогот. — Делото на Гутузо, макар што често е свесно насочено кон определени заклучоци (циклусот на политичките, социјално ангажирани платна), во вистинска смисла на зборот е **незавршен симбол** кој на гледачот му овозможува интуитивно да се вивне кон еден проширен хоризонт, да се сретне со навестувања на нешто утопистичко, надреално, а сепак толку реално од глед на точка на човековата носталгија и неговите очекувања.

С. Ѓ.



**Ренато Гутузо: „Оплакување на смртта на Пикасо", масло на платно, 1973**

13